Врз основа на член 22 став 1, точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 52 од Законот за јавни патишта (Службен весник на РМ бр.84/08) и членот 14 од Статутот на општина Крива Паланка (Службен гласник на општина Крива Паланка бр.8/10), Советот на општина Крива Паланка на Седницата одржана на 07.11.2016 година донесе

# П Р О Г Р А М А
## За уредување на сообраќајна сигнализација за 2017 година

**I. Вовед**

Донесувањето на програмата за уредување на сообраќајна сигнализација во општина Крива Паланка за 2017 година претставува законска обврска.

Реализацијата на програмата за уредување на сообраќајна сигнализација ќе се врши по донесување на техничка документација.

Јавните патишта се опремуваат со сообраќајни знаци, сообраќајна сигнализација и заштитна опрема зависно од сообраќајно-техничките услови на патот.

Организирање на поставување, заменување или отстранување на сообраќајните знаци, сообраќајна сигнализација и заштитната опрема на општинските патишта ги поставува, заменува или отстранува и уредно ги одржува Општината.

Поставувањето, заменувањето и отстранувањето на соораќајните знаци и заштитната опрема на јавните патишта се врши врз основа на техничка документација.

Техничката документација во врска со сообраќајните знаци и сообраќајна сигнализација на јавните патишта ја одобрува Министерството за внатрешни работи.

Редоследот на изготвување на техничка документација како и целосна реализација на прорамата за уредување на сообраќајна сигрализација во 2017 година ќе биде усогласен со динамика на изградба на локалните патишта во општината.

**II. Улици и локални патишта за кои ќе се изработува техничка документација за уредување на сообраќајна сигнализација**

Во периодот во 2017 година ќе се доврши сообраќајниот проект за режимот на сообраќај на улицата Св. Јоаким Осоговски кој ќе се реализира по фази.

Исто така, во 2017 година ќе се изработи техничка документација за локалните патишта и тоа:

- Локален пат од мотел „Македонија“ до манастирот Св. Јоаким Осоговски во КО Варовиште;
- Локален пат за с. Дурачка Река и с. Станци;
- Локален пат за селата Конопница, Борово и Мождивњак;
- Локален пат манастир Св. Јоаким Осоговски м.в. Калин Камен до м.в. Езерце;
- Улица Херој Карпош, улицата Лозановска понатаму локален пат низ с. Лозаново с. Градец до испосницата на Св. Јоаким Осоговски;

**III. Улици и локални патишта за кои ќе се врши уредување на сообраќајна сигнализација**

Во периодот во 2017 година ќе се врши уредување на сообраќајна сигнализација на улицата Св. Јоаки Осоговски и улицата 8ми Октомври по фази како што следува:

1. Прва фаза ќе се поставува вертикална сигнализација на главната сообраќајница во градот Крива Паланка, улицата Св.Јоаким Осоговски;
2. Втора фаза ќе се поставува хоризонтална сигнализација на главната сообраќајница во градот Крива Паланка, улицата Св.Јоаким Осоговски;
3. Трета фаза ќе се поставува вертикална и хоризонтална сигнализација на улиците 8ми Октомври, но и на постоечките улици во градот опфатени со Основениот сообраќаен проект;

Покрај уредувањето на сообраќајна сигнализација на улицата Св. Јоаким Осоговски и улицата 8 ми Октомври по изготвување и по усвојување на техничката документација за уредување на сообраќајна сигнализација за локалните патишта од мотел „Македонија“ до манастирот Св. Јоаким Осоговски и локален пат за с. Дурачка Река и с. Станци ќе се изврши сообраќајно уредување на овие два патни правци.

**IV. Потребните средства за реализација на програмата**

За реализација на оваа програма финансиската вредност на предвидените работи изнесуваат:

1. Изработка на техничка документација 760.000,00

2.Уредување на сообраќајна сигнализација на ул. Св. Јоаким Осоговски и ул. 8ми Октомври

- Прва фаза
250.000,00
- Втора фаза
120.000,00
- Трета фаза
320.000,00

2. Уредување на сообраќајна сигнализација на локален пат мотел Македонија до манастирот Св. Јоаким Осоговски 260.000,00

3. .Уредување на сообраќајна сигнализација на локален пат за с. Дурачка Река и с. Станци 320.000,00

**Вкупно потребни средст. 2 030 000,00**

**Извори на финансирање:**

1. Средства од Буџетот на општината Кр. Паланка 1 030 000,00
2. Средства од донации ( Агенција за државни патишта, Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата и други донатори…………………………………… 1 000 000,00

---

**Вкупно = 2 030 000,00**

**Бр. 09-3130/39**
**07.11.2016 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**М-р. Борче Стојчевски**